Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, м-р Мишо Василевски – заменик претседател, Елита Шуки – член, Сузана Раваноска– член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки постапувајќи по жалбата на жалителот – „НЕОКОР МЕДИКА“ ДОО Скопје, наш број 08-460/1 од 19.07.2018 година, изјавена против Одлуката за избор на носител на набавка бр.05-13/6 од 12.07.2018 година донесена по огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.22/2018 за набавка на стоки – делови од потрошен материјал за интервентна кардиологија на договорниот орган ЈЗУ Клиничка болница Штип, врз основа на член 220 став (2), а во врска со член 221 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и бр.83/2018), на 37-та Седница одржана на ден 01.08.2018 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**1. СЕ ЗАПИРА** постапката по жалбата на жалителот „НЕОКОР МЕДИКА“ ДОО Скопје, изјавена против Одлуката за избор на носител на набавка бр.05-13/6 од 12.07.2018 година донесена по огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.22/2018 за набавка на стоки – делови од потрошен материјал за интервентна кардиологија на договорниот орган ЈЗУ Клиничка болница Штип.

**2. Се задолжува** договорниот орган на жалителот, да му ги надомести трошоците на жалбената постапка во висина од 250,00 денари на име административна такса и надомест за водење на постапка во висина од 12.299,00 денари, **во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.**

**3.** Против овој Заклучок не е дозволена посебна жалба.

***О б р а з л о ж е н и е***

Договорниот орган, ЈЗУ Клиничка болница Штип објавил Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.22/2018 за набавка на стоки – делови од потрошен материјал за интервентна кардиологија и донел Одлука за избор на носител на набавка бр.05-13/6 од 12.07.2018 година.

Незадоволен од донесената донел Одлука за избор на носител на набавка бр.05-13/6 од 12.07.2018 година, жалба изјавил економскиот оператор „НЕОКОР МЕДИКА“, поради сторени битни пропусти при вршењето на евалуацијата на понудите и избор на неприфатлива понуда и предлага Државната комисија да ја уважи жалбата, да ја укине одлуката за избор на носител на набавка и предметот да го врати во фаза на повторна евалуација на понудите.

Во одговорот на жалбата, договорниот орган наведува дека по приемот на жалбата констатирал дека истата е основана, поради што постапил согласно со член 221 од Законот за јавните набавки и донел нова Одлука бр.05-13/9 од 24.07.2018 година со која оспорената Одлука за избор на носител на набавка бр.05-13/6 од 12.07.2018 година се става вон сила.

Оттука, Државната комисија разгледувајќи ги доставените писмени докази, како и наводите на двете страни, утврди дека договорниот орган постапил согласно со одредбите од член 221 став 1, 2 и 3 од Законот за јавните набавки кој предвидува: „1) Ако договорниот орган по приемот на жалбата, најде дека истата е делумно или во целост основана, може постојната одлука да ја стави вон сила, односно да донесе нова одлука, или да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка, да го исправи дејствието, да го преземе дејствието што го пропуштил или да спроведе нова постапка за доделување на договор за јавна набавка, со известување на учесниците во постапката на начин пропишан со овој закон, во рок од пет дена од приемот на жалбата. 2) Против новата одлука, дејствие или пропуштање за преземање дејствие, подносителот на жалбата има право на жалба под условите предвидени со овој закон“ и 3) Договорниот орган кој ги користи овластувањата пропишани со овој член, должен е за тоа да ја извести Државната комисија со доставување на новата одлука, односно докази за доставување на истата на жалителот.

Со оглед на тоа што, договорниот орган постапил согласно со член 221 од Законот за јавните набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки донесе заклучок со кој се запира постапката по жалбата на жалителот „НЕОКОР МЕДИКА“ ДОО Скопје.

Бр.08-460/7
01.08.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива,
- „НЕОКОР МЕДИКА“ ДОО Скопје, ул. Св.Кирил и Методиј бр.50, Скопје
- ЈЗУ Клиничка болница Штип, ул. Љубен Иванов бр.25, Штип